УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – БИТОЛА

ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ

# НАДАРЕНИТЕ И ТАЛЕНТИРАНИТЕ КРЕАТОРИ НА ПРОГРЕСОТ

# СТРУКТУРАТА НА ДИДАКТИЧКИОТ МАТЕРИЈАЛ ПРИ КОМПЛЕКСНАТА ПОСТАПКА НА ОБРАБОТКА НА БУКВА КАКО МЕТОД КАЈ НАДАРЕНИТЕ ДЕЦА

Асс.м-р Ирена Китанова
Проф. Д-р Емилија Петрова Ѓорѓева

*Апстракт*

Изворите на знаење се многу важен фактор за оптималното функционирање на наставниот процес. Посебно внимание треба да му се посвети на учебникот, како еден од најважните извори на знаење во наставата и задолжителниот печатен медиум кој првенствено е наменет за ученико,посебно за надарените ученици.

*Клучни зборови: Комплексна постапка, дидактички материјал, модел за надарени деца.*

Во Македонија не постои учебник за комплексна постапка за обработка на буквите. Потребен е пакет на дидактички материјал кој содржи повеќе различни елементи:

- евидентен лист за бележење на прикажаното знаење и понатамошното напредување на ученикот,
- илустрирана сликовница со класер за букви,
- сликовница,
- прва збирка со текстови,
- диференцирани задачи од првата збирка,
- втора збирка со текстови,
- работна тетратка за почетно пишување.

За работа по комплексна постапка, задолжителен е следниов прибор за ученици:

- тетратка со формат А4 (без линии),
- подметка за пишување со јасно извлечени линии на растојание од 12 мм,
- фломастери за цртање и запишување на печатни букви,
- лепило и хартија,
- ножички за сечење хартија,
- мастило за пишување на ракописни букви.

Задолжително наставно средство за работа по комплексната постапка е илустрираниот буквар.

Како што се зголемува детската способност за читање и разбирање на прочитаното, а и способноста за писменото изразување, така на часовите се комбинираат и менуваат различни, но секогаш интересни форми на работа. За овие форми на работа наставникот користи различни зборови, исечени од насловите во печатот, чиешто значење би можело да ги заинтересира учениците и е соодветно за илустрирање. Наставникот исто така користи и ленти од хартија на кои се испишани различни известувања, потоа ливчиња или картони (за секој ученик) со различни барања, како и разни предмети и слики за набљудување.

Во работата по оваа постапка наставникот може да ги употребува и сите аудиовизуелни средства (тв, компјутер, радио касетофон) со кои располага училиштето, а се соодветни за работа во прво одделение.

## ЕВИДЕНТЕН ЛИСТ ЗА БЕЛЕЖЕЊЕ НА ЗНАЕЊЕТО И ПОНАТАМОШНОТО НАПРЕДУВАЊЕ НА УЧЕНИКОТ

Секоја година, децата доаѓаат се поинформирани и поподготвени за училишните обврски.

За правилно да се организира наставата за почетно читање и пишување, наставникот е должен знаењата на ученикот да ги провери и да ги прифати во работата на училиштето. Наставникот мора да знае од каде поаѓа секое дете за да може да го следи понатамошниот тек на неговото напредување.

Уште од првиот училиштен ден се работи со големи печатни букви, па затоа е доволно, а и наједноставно, да се провери детското познавање на големите букви. Тоа се изведува со употреба на евидентен лист за детското знаење и понатамошно напредување, кој се наоѓа во Почетничката за секој ученик. Тој лист содржи тест за испитување на познавањето на буквите и табела за евидентирање на детското знаење и понатамошното напредување во училиштето во усвојување на буквите и совладување на читањето.

Детското познавање на буквите се проверува на тој начин што му се покажува буква по буква од неговиот евидентен лист и треба да одговори која е посочената буква.

Секоја буква која детето сигурно ја именува, се заокружува или се означува на поинаков начин.

### ПОДАТОЦИ ЗА ПРЕТХОДНОТО ЗНАЕЊЕ И ПОНАТАМОШНОТО НАПРЕДУВАЊЕ НА УЧЕНИКОТ

ПОЗНАВАЊЕ НА БУКВИТЕ

А Е И О Џ Г Ш С З М Л
Р
Ѕ В П Д Ќ Б Т Ѓ Ж Ц Љ
К
У Х Ј Ф Н Њ Ч

РЕЗУЛТАТИ ОД ИСПИТУВАЊЕТО

| Датум на испитување | Број на научени букви | Не се труди да чита | Срицање | Считување | Чита |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |

| До каде се совладани |
|---|

| Сите букви | Читање на зборови и кратки реченици | Читање на текст со разбирање | Читање со разбирање |
|---|---|---|---|

Ученик:
Одделение:
Училиште:

Откако ќе се пребројат буквите што детето ги познава и тоа се евидентира во табелата, се преоѓа на проверување на читањето. Текстовите за тоа проверување ги подготвува наставникот на тој начин што на посебни ливчиња ќе напише кратки текстови со големи печатни букви. Со секој текст треба да запише и прашање кое ќе му го постави на ученикот за да го провери дали го разбрал она што го прочитал.

Примери на текстови со кои се проверува читањето

1. ВЛАДО ЈА СКРШИ ЧАШАТА, ТАТКО МУ ГО ИСКАРА. (Што му се случи на Владо?)
2. МАЈА СИ ИГРАШЕ СО ТОПКА. ТОПКАТА ОДЛЕТА ПОД АВТОМОБИЛОТ. МАЈА ПЛАЧЕ. (Зошто Маја плаче?)

## ОДДЕЛЕНСКА ИЛУСТРИРАНА БУКВАРКА

Неопходно наставно средство за индивидуално усвојување на буквите од страна на детето и совладувањето на читањето е одделенската илустрирана букварка, која се поставува на видно и лесно достапно место во училницата.

Големата функционалност на оваа букварка се огледа во можноста за организирање на разновидни активности со буквите уште во периодот кога некои ученици ги усвојуваат.

Во илустрираната букварка над секоја буква е дадена сликичка на некој предмет чиешто име започнува на таа буква. Картончињата со буквите и сликичка над нив се сложени по азбучен ред во џебовите на класерот. Употребувајќи ги овие картончиња со букви и сликички над нив, учениците составуваат зборови и реченици и ги поставуваат во долниот дел на одделенската букварка.

## ДЕТСКА ИЛУСТРИРАНА БУКВАРКА

Покрај одделенската букварка се употребуваат и детски илустрирани букварки. Пред учениците да започнат да ги употребуваат илустрираните букварки, потребно е картончињата со букви и сликички над нив да се исечат по исечените линии и да се распоредат во џебовите на класерот по азбучен ред.

Работата со индивидуални детски букварки се организира на тој начин што букварките им се делат на сите ученици, а тие ги редат картончињата на кои се наоѓаат буквите со сликички и се градат зборови и реченици.

При монографската и комплексната постапка за обработка на буква постојат листови во кои ученикот треба да ја залепи сликичката врз буквата која одговара.

## СЛИКОВНИЦА

Сликата претставува скапоцено средство кое ја зголемува способноста за мислење кај децата. Таа има посебна вредност, бидејќи претставува одличен стимуланс за активирање на детската фантазија и писменото и усното изразување.

Сликата веднаш го ангажира вниманието на ученикот, па уште во првите училишни денови со помош на нејзината содржина конструираат кратка или долга приказна.

Сликите кои се застапени во сликовницата се двојни:

1. слики со статична содржина, на пример пејзажи, слики со годишни времиња и сл.;

2. слики на некои појави, случувања, луѓе и животни во разни ситуации, кои се полни со динамика.

Следува пример:

### [59]Случка во шумата

[59] Македонски јазик за Второ одделение, Б.Кртовица, М. Тримчевска, С. Трајкова, Просветно дело, 2008 год